# ВОДИЧ

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА КАЈ ДРУШТВОТО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

Во соработка со проектот "Корпоративно управување и Законот за трговските друштва" од **USAID**

Скопје 2005

Подготвил:
**Виолета Поповска**

Издавач:
**Здружение на правници од стопанството на РМ**
**Совет за корпоративно управување**

Уредувачки одбор:
**Проф. Др. Тито Беличанец,**
редовен професор на Правниот факултет во Скопје
**Самир Латиф,**
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Др. Грегори Ф. Масен,**
директор на проектот CG & CL
**Дерил Браун,**
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Марија Игнатова Ѓошева,**
правен советник при проектот CG & CL

Тираж:
1000 примероци

Печати:
Алма Печатница

Скопје 2005

## Вовед

Потребата трговското друштво да има главнина - која во Законот за трговските друштва (во понатамошниот текст ЗТД) се нарекува основна главнина - постои кај капиталските друштва. Капиталското друштво мора да има главнина првенствено заради сигурноста на доверителите. Додека кај персоналните и мешовитите типови на друштва (јавното трговско друштво, командитното друштво и командитното друштво со акции) безбедноста на доверителите на друштвата - дека нивните побарувања ќе бидат намирени - ја обезбедува солидарната одговорност на еден или сите содружници на друштвото за обврските на друштвото, кај капиталските друштва таа безбедност ја дава главнината, односно основната главнина. Заради тоа ЗТД преку повеќе одредби обрнува посебно внимание на заштита на вредноста на основната главнина. Од истите причини во ЗТД е предвиден и најмалиот износ на вредноста на основната главнина којшто мора да се внесе во друштвото пред неговиот упис во трговскиот регистар.

Основната главнина кај друштвото со ограничена одговорност се состои од збирот на влоговите на содружниците и истата не може да биде помала од 5.000 ЕВРА во денарска противвредност.

## Важни прашања

**I.** Како важни прашања коишто заслужуваат внимание, во однос на зголемувањето на основната главнина, кај друштвото со ограничена одговорност се следните:

1. Кои се разликите помеѓу друштвото со ограничена одговорност и акционерското друштво во однос на начините на зголемувањето на основната главнина?

2. Кои се начините на зголемување на основната главнина кај друштвото со ограничена одговорност?

3. Кои дејствија се преземаат за да се изврши зголемување на основната главнина со преземање на нови влогови?

4. Кои дејствија се преземаат за да се изврши зголемување на основната главнина од резервите?

**II.** Додека како важни прашања коишто би ги разгледале во однос на намалувањето на основната главнина кај друштвото со ограничена одговорност се следните:

1. Зошто се пристапува кон намалување на основната главнина?

2. Кои дејствија се потребни за намалувањето на основната главнина?

## Промени во законодавството

Во членот 254, став 1 е предвидено дека зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на собирот на содружниците што има карактер на одлука со којашто се врши измена на договорот за друштвото.

Во членот 257, став 2 е предвидено дека кон пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина со преземање нови основни влогови во трговскиот регистар се приложуваат:

1) одлуката за зголемување на основната главнина:

2) изјавите за преземање на влоговите, заверени кај нотар;

3) список на лицата кои презеле нови влогови, потпишани од страна на подносителот на пријавата во којшто се наведуваат износите на преземените и уплатените влогови во што се уплатени, и докази дека се уплатени коишто се приложуваат кон списокот, а ако влоговите ги преземаат постојните содружници на друштвото вкупниот износ на основните влогови;

4) договор со којшто е извршено внесување на непаричните влогови ако основната главнина се зголемува со внесување непарични влогови; и

5) доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а

ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон е определена обврска за евиденција (регистар), доказ за сопственост над подвижната ствар.

Во членот 263, став 2 е предвидено дека кон пријавата за упис на одлуката за намалување на основната главнина во трговскиот регистар се приложува:

1) копија од огласот со којшто е известено за намерата за намалување на основната главнина, објавен во "Службен весник на Република Македонија";

2) доказ дека друштвото на доверителите кои им се пријавиле им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе бидат намирени;

3) изјава на управителот дека на сите познати доверители им е доставено известувањето за намерата за намалување на основната главнина, а дека на друштвото не му се јавиле други доверители освен оние на кои друштвото им ги намирило побарувањата или им дало обезбедување дека пријавените побарувања ќе им бидат намирени; и

4) препис од книгата на уделите.

## I. Зголемување на основната главнина

**Прашање 1**

Причините заради коишто се спроведува зголемувањето на основната главнина кај друштвото со ограничена одговорност се: прибирање на средства потребни за работењето на друштвото, зголемување на кредитната способност на друштвото, покривање на загубите и слично.

За зголемување на основната главнина кај друштвото со ограничена одговорност не можат да се користат сите начини за зголемување коишто се дозволени за зголемување на основната главнина во акционерското друштво. ЗТД уредувајќи го зголемувањето на основната главнина кај друштвото со ограничена одговорност, пропи-

шува само два начини на зголемување. Имено, во друштвото со ограничена одговорност не е можно да се спроведе условно зголемување на основната главнина, ниту да се спроведе зголемување на основната главнина преку институтот одобрен капитал, коишто како начини на зголемување на основната главнина се предвидени кај акционерското друштво. Причината за ова, секако, треба да се бара во различните карактеристики помеѓу овие две форми на трговски друштва. Во друштвото со ограничена одговорност уделите не се искажуваат во хартии од вредност, како што е тоа случај во акционерското друштво, и не даваат секогаш исти права и затоа не повлекуваат исти обврски кога станува збор за исти номинални износи на тие удели. Затоа не би било едноставно, како во случај кај акционерското друштво, однапред да се одреди претварање на конвертибилните обврзници во влогови, ниту да се остварат правата на вработените во друштвото да своите побарувања спрема друштвото во пари, врз основа на правото на учество во добивката на друштвото, го претворат во удел. Она што во акционерското друштво може да се оствари преку едноставен механизам, овде би било многу посложено. Затоа со ЗТД не се предвидува можноста за условно зголемување на основната главнина. Ниту институтот одобрен капитал не е потребен затоа што друштвото со ограничена одговорност по правило има помал број на содружници, па свикувањето и одржувањето на собирот на содружници е многу поедноставно и полесно, и со давањето на овластувањето на органот на управување, односно преку институтот одобрен капитал, да ја зголеми основната главнина не би се постигнала никаква предност.

**Прашање 2**

Основната главнина на друштвото со ограничена одговорност може да се зголеми на два различни начини:

**1. ефективно** (реално) и

**2. номинално.**

Во првиот случај во друштвото ќе влезе нова вредност, односно средства коишто се наоѓаат надвор од друштвото и ќе се зголемат вкупните средства на друштвото, и овој начин се врши **со преземање нови влогови**. Притоа во овој случај може да се работи за:

- зголемување на основната главнина со создавање и преземање на нови влогови, или
- зголемување на основната главнина со зголемување на постојните влогови.

Во вториот случај, кај номиналното зголемување всушност се работи за книговодствена операција прекнижување, затоа што **зголемувањето се врши од средствата** коишто се наоѓаат во друштвото, односно се внесуваат резервите и добивката на друштвото во основната главнина. Притоа во овој случај може да се работи за:

- зголемување на основната главнина со откажување од исплатата на добивката на содружниците и претворање на тој износ во основна главнина, или
- претворање на резервите на друштвото во основна главнина.

И при користење на добивката и при користење на резервите можат да се зголемат номиналните износи на постојните удели во друштвото

**Потребно мнозинство на гласови**. Одлуката за зголемување на основната главнина, како што веќе беше погоре наведено, во членот 254, став 1 е утврдено дека има карактер на одлука со којашто се врши измена на договорот за друштвото. Од тие причини се она што е предвидено во членот 252, по однос на одлуката за измена на договорот за друштвото, се однесува и на одлуката за зголемување на основната главнина. Имено, и за двата начини на зголемување на основната главнина, одлуката се носи на собирот на содружниците со најмалку тричетвртинско мнозинство од вкупниот број гласови што го

имаат содружниците во друштвото. Меѓутоа, ако донесувањето на таа одлука има за последица зголемување на утврдените обврски или намалување на правата коишто се утврдени, односно, коишто им припаѓаат според договорот за друштвото на еден или повеќе или на сите содружници, тогаш за валидноста на одлуката е потребна согласност на сите содружници на друштвото коишто се засегнати од зголемувањето на обврските, односно од намалувањето на правата.

Имено, ако правната положба на постојните содружници не се менува, а тоа е кога основната главнина се зголемува од неисплатената добивка или со претворање на резервите на друштвото, за валидноста на одлуката за зголемување на основната главнина би било доволно тричетвртинско мнозинство од вкупниот број гласови што го имаат содружниците во друштвото, освен ако во договорот за друштвото не е предвидено поголемо мнозинство.

Од друга страна пак, правната положба на постојните содружници се менува кога основната главнина се зголемува со создавање на нови влогови или со зголемување на постојните влогови, но не со зголемување на постојните влогови на сите постојни содружници, туку само на некои од нив, па како последица на тоа се нарушува дотогашниот сооднос на нивното учество во основната главнина. Во овие случаи за валидноста на одлуката за зголемување на основната главнина би била потребна согласноста на сите постојни содружници.

Основната главнина е дозволено да се зголеми и со внесување на влог не само во пари туку и во ствари и права (непарични влогови). Оваа можност мора изречно да се одреди во одлуката за зголемување на основната главнина, како и рокот во којшто мора да се внесат непаричните влогови, но внесувањето мора да се направи пред поднесувањето на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

**Прашање 3**

Зголемувањето на основната главнина со преземање нови влогови се врши на начин што друштвото ги нуди на постојните содружници или на други лица кои не се содружници.

За зголемување на основната главнина на овој начин потребно е:

- да се донесе одлука на собирот на содружници за зголемување на основната главнина;
- да се даде изјава за преземање на влог и да се склучат договори за внесување на ствари и права ако влоговите се преземаат со нивно внесување во друштвото и да се изврши нивна проценка од овластен проценител;
- да се изврши уплата на влогот најмалку за оној износ којшто е пропишан со законот;
- да се поднесе пријава за упис на зголемување на основната главнина до трговскиот регистар и уписот да се објави.

**Одлука за зголемување на основната главнина**

Како прво дејствие коешто се презема во постапката на зголемување на основната главнина, воопшто, е донесувањето на одлука. Имено, за одлуката стана збор во претходно кажаното, меѓутоа овде уште би додале дека:

Во одлуката мора да се наведе и зголемувањето на влоговите, ако зголемувањето се врши со зголемување на постојните влогови. Притоа заради примена на начелото на еднаква положба на постојните содружници во друштвото мора да се предвиди зголемување на сите влогови на ист начин, односно сразмерно на нивните номинални износи. Секое друго постапување би значело повреда на тоа начело и таквата одлука би била ништовна. Но, можно е и поинакво постапување, ако со договорот за друштвото, односно со одлуката за зголемување биде исклучено или ограничено правото на првенство при

преземање на новите влогови. Споменатото право би можело да се исклучи или ограничи само кога без тоа не би можела да се постигне целта на друштвото, или би се постигнала но со значителна штета за друштвото. Притоа треба да се одмери од една страна користа за друштвото, а од друга страна штетата за содружниците, што би произлегла, затоа што споменатото право им е ограничено или исклучено.

Што се друго мора да содржи одлуката за зголемување на основната главнина е предвидено во членот 255, став 1. Но, нема пречки одлуката за зголемување да не содржи и други елементи. Така на пример во неа може да се дадат задолжителните напатствија на органот на управување како да постапи при нејзиното спроведување. На содружниците им е дадена потполна автономија во одредување на факултативната содржина на одлуката за зголемување на основната главнина. Но, притоа мора да се внимава на тоа одлуката да не се оптеретува со непотребна содржина којашто може да ја направи непрегледна и нејасна и со тоа да го отежне спроведувањето на зголемувањето на основната главнина.

Одлука за зголемување на основна главнина со преземање нови влогови може да се донесе и кога е друштвото во стечај. Околноста дека друштвото е во стечај не мора да значи дека нема интерес за зголемување на основната главнина, зошто тоа може да биде и начин друштвото да може да излезе од стечај, зошто со зголемувањето ќе прибере средства потребни за покривање на обврските и за продолжување на работењето. Тоа може да биде една од мерките за реорганизација на друштвото во стечај.

**Изјава за преземање на влог, склучување на договори за внесување на ствари и права ако влоговите се преземаат со нивно внесување во друштвото и нивна проценка од овластен проценител**

Новите влогови може да ги преземат постојните содружници и други лица кои не се содружници. Со одлуката за зголемување на основната главнина може да се ограничи кругот на лица кои можат да ги преземат новите влогови. Притоа влогот се презема со изјава за преземање на влог, којашто се заверува кај нотар. Во неа покрај износот на преземениот влог, се внесуваат и податоци за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото, односно од одлуката за зголемување на основната главнина. Ако лицето што презема влог не е содружник, изјавата ја содржи и неговата согласност дека станува содружник и дека ги презема сите права и обврски определени со договорот за друштвото. Се разбира не е потребно набројување на сите права и обврски коишто се преземаат, туку е доволно паушално повикување на нив од договорот за друштвото.

Ако се зголемува основната главнина со обврска да се внесат непарични влогови - ствари и права, за ова помеѓу друштвото и лицата коишто преземаат нови влогови мора да се склучи договор. Притоа одредбите од член 35 од ЗТД, коишто се однесуваат за проценката на непаричниот влог и за одговорноста на содружникот кој го внесува непаричниот влог се применуваат и на новите влогови.

**Уплата на влогот најмалку за оној износ којшто е пропишан со законот**

Склучување на некој посебен дополнителен договор не е потребно кога влогот се уплаќа во пари, зошто погореспоменатата изјава заверена кај нотар има дејство на прифаќање на понудата која понуда управителот ја упатува во одредени рокови кон постојните содружници, а

по истекот на тие рокови и кон лица кои не се содружници, кое дејствие е предвидено во членот 256, став 3. Притоа, одредбите од ЗТД коишто се однесуваат за најнискиот износ на влог, начинот на уплата, пристигнувањe на уплатата на влогот како и за правните последици од доцнењето на уплатата, се применуваат и врз новите влогови.

**Пријава за упис на зголемување на основната главнина во трговскиот регистар и објавување на уписот**

Пријава за упис на зголемување на основната главнина во трговскиот регистар, се поднесува по уплатата на паричните влогови, односно внесувањето на непаричните влогови. Што се приложува кон пријавата за упис веќе е кажано во делот на промените на законодавството, односно цитиран е членот 257, став 2.

**Прашање 4**

При зголемувањето на основната главнина на друштвото со претворање на резервите во основна главнина не станува збор, за прибирање на дополнителни средства, туку за прераспределба на средствата на друштвото од резервите во основна главнина и на тој начин нивно подведување под други правила. Притоа се работи за зголемување на основната главнина, зошто друштвото тоа го изразува со зголемување на номиналните износи на постојните удели. Имотот на друштвото не се зголемува, туку средствата во деловните книги се преместуваат од ставката резерви во ставка основна главнина и така потоа се искажуваат во финансиските извештаи.

За да се спроведе зголемувањето на главнината на овој начин, друштвото мора да има резерви во износ којшто е за тоа потребен, со тоа што станува збор за резерви коишто за тоа можат да се користат. Со тоа се докажува дека постои реален имот на друштвото којшто е подобен за да се спроведе начелото на зачувување на

капиталот на друштвото, зошто во спротивно би се искажало нешто што не одговара на реалната состојба. Притоа, не доаѓа до промена на соодносот помеѓу уделите на друштвото заради тоа што зголемувањето на основната главнина се одразува на уделите коишто ги имаат постојните содружници сразмерно на нивното учество со влоговите во основната главнина пред зголемувањето.

За зголемување на основната главнина со претворање на резервите на друштвото потребно е:

- содружниците да донесат одлука, којашто исто така има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото и

- да се поднесе пријава за упис во трговскиот регистар и уписот да се објави.

Постои редослед при преземањето на дејствијата за зголемување на основната главнина, коишто произлегуваат од природата на работите. Па така не може да се донесе одлуката за зголемување на основната главнина пред да се донесе одлуката за прифаќање на годишните финансиски извештаи за последната тековна година која претходи пред зголемувањето на основната главнина, со тоа што: тие извештаи да не покажуваат загуба и да нема непокриени загуби од претходните години. Ова е логично ако се има предвид дека резервите најпрвин мора да се искористат за да се покрие загубата па после тоа може доколку има истите да се употребат со цел за зголемувањето на основната главнина. За зголемување на тој капитал може да се користат резервите само ако тоа е во согласност со целите за коишто се наменети.

За да се пристапи кон донесување на споменатата одлука, содружниците мораат со своја одлука да именуваат ревизор за да го испита последниот годишен финансиски извештај и да го потврди. Тие извештаи не смеат да бидат постари од осум месеци пред поднесувањето на пријавата за упис на одлуката за зголемување на основната главнина во трговскиот регистар. Во спротивно

мора да се подготви нов извештај за биланс на состојбата и да се изврши ревизија од овластен ревизор.

При овој начин на зголемување на основната главнина мора да се почитува правилото и тоа без исклучок дека зголемувањето мора да се спроведе така да вкупниот износ на зголемените влогови ќе одговара на зголемената основна главнина на друштвото. Понатаму, во одлуката за зголемување на основната главнина не мора да се одредат новите влогови коишто треба да се преземат, зошто тие ќе се одредат според она колку кој ќе преземе според номиналниот износ на влогот.

Заштитата на содружниците на друштвото се постигнува со строгот правило според кое ништовна е одлуката за зголемување на основната главнина на друштвото ако зголемените удели на содружниците на друштвото не бидат во ист соодносс како и оние пред зголемувањето на основната главнина на друштвото.

Сопствените удели стекнати од страна на друштвото исто така рамноправно учествуваат во зголемувањето на основната главнина. Друго е прашањето што правата и обврските од тие удели мируваат се додека ги држи друштвото.

Нема забрана за истовремено зголемување на основната главнина со претворање на резервите и со преземање на нови влогови, односно со спроведување на двата предвидени начини за зголемување на основната главнина. Практично тоа би можело да се оствари со носење на две одлуки за зголемување на основната главнина, без оглед што тие се носат на истиот собир на содружници или може да се донесе и една одлука ако со тоа се согласат сите содружници и се исполнат сите претпоставки коишто се предвидени за едниот и за другиот начин на зголемување на основната главнина.

Во членот 259, став 2 таксативно се наброени исправите (прилозите и доказите) коишто се прилагат кон пријавата за упис на зголемување на основната главнина

од резервите на друштвото. Пријавата за упис на зголемување на основната главнина на друштвото на овој начин мора да се поднесе без одлагање. Значи моментот на поднесувањето на пријавата не е изрично одреден, меѓутоа може да се извлече заклучок имајќи го предвид членот 258 дека тоа е моментот кога се стекнале сите услови за донесување на одлука за зголемување на основната главнина и кога е донесена одлука за тоа зголемување.

## II. Намалување на основната главнина

**Прашање 1**

Намалување на основната главнина се спроведува за да се:

- ослободи имотот на друштвото и така со намалување на основната главнина (пасивата) би се случило активата да го надмине износот на пасивата и да се овозможи од износот на активата којшто го надминува износот на пасивата да се вратат влоговите на содружниците, да се ослободат содружниците од уплата на влоговите, да се исплатат содружниците чиишто удели се повлечени, да се внесат средства во резервите на друштвото и

- да се покријат загубите на друштвото и со тоа во иднина да им се овозможи исплата на содружниците на дивиденда од добивката која инаку би морала да се користи за покривање на загубите.

Во Законот не се разработуваат три начини на намалување на основната главнина, како што е тоа случај кај намалувањето на основната главнина кај акционерското друштво, туку само се одредува дека намалувањето на основната главнина може да се спроведе:

- со враќање на влоговите на содружниците
- со намалување на номиналните износи на влоговите

- со делумно, односно потполно ослободување на содружниците на друштвото или нивните правни претходници од обврската целосно да ги уплатат влоговите.

**Прашање 2**

За намалувањето на основната главнина потребно е да се преземат следните дејствија:

**1. Да се донесе одлука за намалување на основната главнина.** Постапката за намалување на основната главнина може да започне единствено врз основа на одлука на содружниците, којашто има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото. Во одлуката мора да се назначи целта, обемот и начинот на намалувањето на основната главнина. Основната главнина не смее да се намали под 5000 ЕВРА во денарска противредност, а вредноста на поединечниот влог под противредноста од 100 ЕВРА.

**2. До трговскиот регистар да се поднесе пријава за упис на намерата за намалување на основната главнина.** Основното правило коешто постои во врска со намалувањето на основната главнина на друштвото е правилото за заштита на интересот на доверителот, на чија штета намалувањето на основната главнина во никој случај не смее да се спроведе. Ова правило е разработено во одредбите за постапката за намалување на основната главнина. Токму заради тоа се поднесува пријава во трговскиот регистар за упис на намерата за намалување на основната главнина (член 262, став 1) и по уписот на одлуката управителот, веднаш, објавува оглас за намерата за намалување на основната главнина во "Службен весник на Република Македонија". Огласот за намерата за намалувањето на основната главнина на друштвото мора да содржи:

- објава на друштвото дека на сите доверители е спремно, на нивно барање, да ги подмири сите нивни

побарувања спрема друштвото, односно да им даде обезбедување за намирување на нивните побарувања;

• назначување за тоа дека ќе се смета дека доверителите на друштвото кои нема да ги пријават своите побарувања и побараат исплата или обезбедување во рок од деведесет дена, од денот на објавувањето на огласот, се согласни со намалувањето на основната главнина на друштвото.

**3. Да се намират доверителите кои поднеле барања за исплата на побарувањата или да им се даде обезбедување.** Со цел за што попотполно обезбедување на правата на доверителите, освен обврската за јавно известување на овој оглас, органот на друштвото е обврзан до сите познати доверители на друштвото да им достави писмено известување.

Крајната цел на огласувањето на намерата за намалување на основната главнина и известувањето на доверителите за таа намера е исполнувањето на претпоставката за уписот на намалувањето на основната главнина во трговскиот регистар зошто кон пријавата за тој упис мора да се приложи доказ за огласувањето на намерата за намалување на основната главнина, но и доказ за целосното намирување или обезбедување на побарувањата на сите доверители коишто се пријавиле на друштвото. Меѓутоа, ова е начин на којшто се остварува заштитата на правата на доверителите. Хронолошки гледано, после огласувањето на намерата за намалување и известувањето, доверителите треба да се очекува дека ќе ги пријавуваат на друштвото своите побарувања, а друштвото е должно да ги подмири или барем да им даде обезбедување, зошто во спротивно основната главнина нема да може да се намали.

Друштвото ќе биде должно да ги подмири или обезбеди сите постоечки побарувања - коишто постојат на денот на објавата на намерата - во целост.

Одредбите на ЗТД немаат одговорено на прашањето дали со огласувањето на намерата за намалување на основната главнина побарувањата коишто спрема друштвото не се доспеани се претвораат во доспеани, или само на недоспеаните побарувања ќе се примени одредбата за обврската на друштвото да даде обезбедување за исплатата на побарувањата на доверителите.

Овие одредби исто така посебно не ја истакнуваат судбината на спорните побарувања спрема друштвото. Овие побарувања друштвото не е должно да ги подмири, но должно е да даде обезбедување за нивната исплата во случај дополнително да се утврди нивната валидност.

**4. Пријава за упис на намалување на основната главнина.** Дури откако ќе истече рокот од деведесет дена, од денот на објавата на горенаведениот оглас, може да се поднесе пријава за упис на намалување на основната главнина на друштвото во трговскиот регоистар (член 263 став 1). Што се треба да се приложи кон пријавата за упис е утврдено во ставот 2 од член 263.

**Листа на практични прашања:**

1. Дали ако друштвото има имот којшто ја надминува основната главнина, би се одлучиле на зголемување на основната главнина од средствата на друштвото, или сметате дека друштвото и со помала основна главнина може да ја исполни својата цел?

2. Имајќи го во предвид карактерот на друштвото со ограничена одговорност и основата на којашто се создаваат односите помеѓу содружниците (доверба, лично познанство), дали доколку се јави неопходна потреба од зголемување на основната главнина, би се одлучиле за зголемување на основната главнина со преземање на нови

влогови од лица кои не се содружници или би се одлучиле за преобразба во акционерско друштво?

**ПРЕПОРАКИ**

Во членот 264, став 1 е предвидено дека:

"Исплатите на содружниците врз основа на намалување на основната главнина се допуштени откако ќе се изврши упис на одлуката за измена на договорот за друштвото во трговскиот регистар."

Во горецитираната одредба се зборува само за исплатата, а не и за намалувањето на основната главнина со прикажување на вредности во ствари и права како што е тоа можно при уписот на влоговите на друштвото, туку се зборува само за исплатата. Меѓутоа, со одлуката за намалување на основната главнина тоа прашање може да се реши и на друг начин, а не само со исплати. Секој од тие начини произведува еднаков ефект на основната главнина како и исплатата. Ќе има ситуации кога на содружниците на друштвото ќе им е во интерес да дел од имотот го повлечат во ствари, објекти, права, побарувања и слично, зошто со продажба можеби би се добил помал износ или пак тоа за содружникот може понекогаш да биде подобра форма на повлекување на уделот отколку исплатата. Јасно, тоа е можно да се оствари во оние случаи кога стварите ќе одговараат на вредностите на поединечното намалување на главнината. Нема пречка разликата до целата вредност на намалувањето, друштвото да ја исплати или пак содружникот разликата да му ја надомести на друштвото (обично со уплата) ако применета ствар е повредна од износот на намалувањето, итн.

Овој водич претставува дел од серијалот на публикации за новиот Закон за трговски друштва подготвен од Здружението на правници од стопанството на РМ и Советот за корпоративно управување во соработка со **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва. Овие брошури и избрана литература може да ги најдете на www.maccorpgov.com.mk и www.mbla.org.mk.

Јазична поддршка од **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва:

Весна Миркоска, Главен лектор
Марија Стојановска
Ана Шошолчевска

Содржината на оваа публикација не се смета како обезбедување на правен совет. Читателите на оваа публикација се должни да обезбедат правен совет од нивниот правник. Оваа публикација е само за едукативни и информативни цели. Секоја употреба на содржината од оваа публикација е на ризик на корисникот. Проектот за Корпоративно управување и законот за трговски друШтва нема да се смета за одговорен при употребата и толкувањето на овој текст.